# ЗАКОН ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

(„Сл. весник на РМ“ бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10)

-ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ- РАБОТНА ВЕРЗИЈА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој закон се уредуваат условите и начинот на управувањето, планирањето, изградбата, реконструкцијата, одржувањето, заштитата, финансирањето, основање на Агенција за државни патишта и надзор на јавните патишта.

**Член 2**

Одредбите од овој закон не се однесуваат на патишта во приватна сопственост на физички и правни лица, шумски и земјоделски патишта и некатегоризирани патишта.

**Член 3**

1) Јавните патишта се добра во општа употреба и се користат под услови и на начин утврдени со овој закон .
2) Функција на јавните патишта е обезбедување на безбеден и непречен превоз на стока и патници во патниот сообраќај .

**Член 4**

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следното значење :
1. ***„Пат ”*** е сообраќаен објект на кој се врши сообраќај .
2. ***„Јавен пат ”*** е пат кој е определен како јавен пат и може да биде државен или општински .
3. ***„Државен пат ”*** е јавен пат категоризиран како автопат, експресен пат, магистрален и регионален пат од прва и втора категорија .
4. ***„ Автопат ”*** е јавен пат специјално проектиран и изграден за сообраќај на моторни возила, означен со пропишан сообраќаен знак, со физички раздвоен и коловоз и по насоки, кој има најмалку две сообраќајни ленти и по една лента за принудно застанување во секоја насока, со раскрсници вон ниво, без вкрстување со друг пат, железничка пруга или со пешачка патека, на кој сообраќајот мо же да се вклучи, односно исклучи само на одредени места и посебно изградени приклучоци на јавните патишта на соодветна коловозна лента на автопат и кој е заштитен од пристап надвор од овие површини и има места за одмор на патници и сервиси за возила .
5. ***„Експресен пат ”*** е јавен пат кој е специјално изграден и наменет исклучиво за сообраќај на моторни возила, означен со пропишан сообраќаен знак, со најмалку по една лента за секоја насока и лента за застанување, на кој сообраќајот може да се вклучи, односно исклучи само на одредени и посебно изграден и приклучоци и кој е заштитен од пристап на двор од овие површини.
6.***„Меѓународен пат”*** е јавен пат кој со меѓународен договор или спогодба што ги ратификувала Република Македонија е распореден во мрежата на меѓународни патишта.
7. ***„Магистрален пат”*** е јавен пат кој поврзува поважни региони на државата и кој се надоврзува на соодветните патишта на соседните држави.
8. ***„Регионален пат од прва категорија ”*** е јавен пат кој поврзува подрачја на два или повеќе општини во државата и е од посебно значење за државата.

9. ***„Регионален пат од втора категорија”*** е јавен пат со функција на општински пат, а кој поради значењето за државата е категоризиран како државен пат.

10. ***„Општински пат ”*** е јавен пат кој поврзува населени места на општината и е од значење за сообраќајот во општината .

11. ***„Земјен пат”*** е пат без изградена коловозна конструкција.

12. ***“Макадамски пат ”*** е пат со изградена коловозна конструкција без асфалтирана или бетонирана за сторна површина.

13. ***„Коловоз”*** е дел од површината на патот наменет првенствено за сообраќај на моторни возила, кој е составен од една или повеќе сообраќајни ленти.

14. ***„Труп на пат ”*** е конструктивен елемент што го сочинуваат горниот и долниот строј на патот, вклучувајќи го и земјиштето на кое е изграден.

15. ***„Патен појас”*** е просторот од двете страни на трупот на патот кој се протега најмалку еден метар сметано од крајниот раб на попречниот пресек на патот .

16. ***„Воздушен простор”*** е заштитен простор од минимум седум метри над највисоката точка на коловозот или на патниот објект, а кој се протега над целата воздушна заштитена зона .

17. ***“Заштитен појас“*** е земјен појас од двете страни на патниот појас во кој неможат да се градат објекти, освен објекти кои се во функција на патот;

17-а. ***“Објекти во функција на патот“*** се објекти кои служат за потребите на возилата и патниците учесници во сообраќајот;

18. ***„Попречен пресек на пат “*** е нормален пресек на подолжната оска на патот во кој се вклучени коловозот, банкини, разделен појас , косини, риголи, одводни канали, патна опрема и објекти за заштита на животната средина .

19. ***„Крстосница ”*** е површина на која се вкрстосуваат или соединуваат два или повеќе јавни патишта.

20. ***„Улица”*** е сообраќајница во населено место наменета за сообраќај на возила која може да биде сочинета од коловоз, тротоари, велосипедски патеки и разделни острова .

21. ***„Јавно паркиралиште ”*** е посебно уреден и обележан простор наменет за паркирање на определен вид возила . Јавните паркиралишта може да бидат надвор од површините опфатени со патиштата и улиците или на самите патишта и улици .

22. ***„Магистрална улица ”*** е сообраќајница во населено место која поминува низ поголемиот дел од населеното место и се поврзува со магистрален или регионален пат .

23. ***„Собирна улица ”*** е сообраќајница во населено место која го собира сообраќајот од сервисни, станбени и локални улици и се поврзува со магистрална улица или општински пат .

24. ***„Сервисна улица”*** е сообраќајница во населено место која ги поврзува собирните улици со станбените и локалните улици.

25. ***„Станбена улица ”*** е сообраќајница во населено место која ги поврзува станбените и деловните објекти со собирната и сервисната улица .

26. ***„Патарина“*** е наплата на одреден надоместок за возило кое поминува растојание меѓу две точки на патната инфраструктура во за висност од поминатото растојание и видот на возилото.

27. ***„Над оместок за употреба на пат (патна такса )“*** е наплата на одреден износ кој на соодветно возило му дава право за одреден период да ја користи патната инфраструктура .

28. ***„Објекти на јавен пат “*** се мостови , подвозници , надвозници, пропусти, тунели, галерии , потпорни конструкции, подземни и надземни премини, објекти за наплата на патарина и слично и

29. ***„Пристапен пат “*** е дел од јавниот пат со кој јавниот пат се надоврзува до објектите на тој пат .

**Член 5**

Планирањето, изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на јавните патишта се работи од јавен интерес.

**Член 6**

1) Мрежата на јавните патишта ја сочинуваат државните патишта (автопатишта, експресните патишта, магистралните и регионалните патишта од прва и втора категорија) и општинските патишта и улиците во градовите и другите населени места .

2) Која улица во населено место ќе се смета за дел од државен пат со нејзиниот почеток и крај, по предлог на општината, односно градот Скопје, определува Министерството за транспорт и врски.

3) Критериумите за определување на улиците во населените места кои ќе се сметаат за дел од државен пат, како и нивното одржување ги пропишува министерот за транспорт и врски.

**Член7**

Јавниот пат го сочинуваат :

- долниот и горниот строј на патот; - објекти на патот ; - тротоари, пешачки и велосипедски патеки; - уреди за одводнување; - патниот појас; - воздушниот простор - приклучните патишта на јавниот пат во ширина на патниот појас од јавниот пат; - сообраќајни знаци и сигнализација; опремата на патот ; - друга опрема и уреди за осветлување на јавниот пат, заштита на околината, броење и следење на сообраќајните токови и слично; - површини на кои се изградени патарски куќи, наплатни станици и други објекти за потребите на одржување на патот, како и пешачки и разделни острова и зеленило и - сообраќајни површини надвор од коловозот како што се места за одмор, паркиралишта и автобуски постојки

**Член 8**

На планирањето, изградбата, реконструкцијата и инвестиционото одржување на јавните патишта и улици се применуваат прописите за градење и за просторно и урбанистичко планирање .

**Член 9**

1)Критериумите за категоризација на јавните патишта и нивните ознаки ги утврдува Владата на Република Македонија.

2) Категоризација и прекатегоризација на државните патишта согласно критериумите од ставот1 на овој член врши Владата на Република Македонија на предлог на Минстерството за транспорт и врски.

3) Категоризација на јавните патишта на општински патишта и улиците во населените места согласно критериумите од ставот 1 на овој член врши Советот на општината, односно Советот на градот Скопје.

4) Секој јавен пат задолжително се обележува со посебна ознака која ја означува категоријата и бројот на патот .

5) Државните патишта покрај ознаката која ја означува категоријата и бројот на патот можат да имаат и име.

6) Името на државните патишта го определува Владата на Република Македонија кое може да биде со географско, етнографско и историско обележје, име на истакната личност од областа на историјата, науката и културата, како и име назначаен настан или датум за Републиката .

**Член 10**

1) Дел од јавен пат кој што го изгубил својството на државен пат преминува во надлежност на општината или градот Скопје , во рок од три месеци од денот на донесување на актот за прекатегоризација во општински пат.

2) Општински пат или дел од општински пат, кој добил својство на државен пат, преминува во надлежност на Агенцијата за државни патишта во рок од три месеци од денот на донесување на актот за прекатегоризација.

3) Со актот од ставовите 1 и 2 на овој член се уредува начинот на примопредавањето на патот .

## II. КОНЦЕСИЈА НА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

**Член 11**

1) Изградбата, реконструкцијата, одржувањето, наплатата на патарина и други надоместоци или користењето на јавен пат, на дел од јавен пат, објекти на јавен пат или на дел од патниот појас на јавен пат, можат да бидат предмет на концесија и други видови на јавно приватно партнерство под услови предвидени со овој закон и прописот со кој се уредува постапката за доделување на концесија и други видови на јавно приватно партнерство.

2) Концесијата и другите видови на јавно приватно партнерство на јавен пат, се уредуваат со договор за концесија во постапка и на начин утврден со овој закон и прописот со кој се уредува постапката за доделување на концесија и други видови на јавно приватно партнерство.

3) При концесија и други видови на јавно приватно партнерство на јавен пат, може да се предвиди плаќање на надомест од страна на концедентот, како и плаќање на концесиски надомест, под услови предвидени со прописот со кој се уредува постапката за доделување на концесија и други видови на јавно приватно партнерство.

**Член 12**

1) Одлука за давање на концесија и други видови на јавно приватно партнерство на државен пат донесува Владата на Република Македонија на предлог на Агенцијата за државни патишта .

2) Одлука за давање на концесија и други видови на јавно приватно партнерство на општински пат донесува Советот на општината, односно Советот на градот Скопје.

## III. УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

**Член 13**

1) Стратегијата за развој и одржување на државните патишта со која се утврдуваат целите и основните задачи за развој и одржување на државните патишта за најмалку десет години ја донесува Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија.

2) Стратегијата од ставот 1 на овој член може да се промени или дополни заради променетите односи или услови во Република Македонија или доколку од патната инфраструктура на соседните држави произлегува поинаков развој на државните патишта .

3) Спроведувањето на стратегијата од ставот 1 на овој член е во надлежност на Министерството за транспорт и врски.

## Член 14

1)За вршење на работите кои се однесуваат на управувањето, изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на државните патишта сеосно ва Агенција за државни патишта (во понатамошниот текст: Агенција).

2) Агенцијата е правно лице со јавни овластувања утврдени со овој закон, со сметка во рамките на трезорската сметка и се запишува во Централниот регистар на Република Македонија .

3) За извршување на работите од ставот 1 на овој член Агенцијата изготвува петогодишна програма со која се определува развојот и одржувањето на државните патишта, која е во согласност со стратегијата од членот 13 став 1 од овој закон.

4) За спроведување на целите и задачите од петтогодишната програма, Агенцијата изготвува годишна програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта во која подетално се утврдуваат работите и изворите на средства за нејзина реализација .

5) Програмите од ставовите 3 и 4 на овој член ги донесува Владата на Република Македонија на предлог на Агенцијата .

6) Агенцијата за својата работа одговара пред Владата на Република Македонија за што доставува на усвојување годишен извештај за своето работење, за претходната година, најдоцна до март во тековнатагодина.

7) Надзор над законитоста на работењето на Агенцијата врши Министерството за транспорт и врски кое може да запре од извршување општ акт на Агенцијата ако истиот не е во согласност со овој закон или со Уставот на Република Македонија, до донесување на Одлука на Уставниот суд на Република Македонија .

8) Работите на изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на општинските патишта ги вршат општините, односно градот Скопје .

## Член 15

1) Агенцијата е надлежна за :

1. управување со државните патишта ;

2. предлагање и имплементирање на петгодишните и годишните програми кои ги донесува Владата на Република Македонија;

3. постојано следење и контролирање на состојбите на државните патишта ;

4. превземање мерки за рационално користење на средствата наменети за државните патишта;

5. вршење инвеститорски работи од областа на државните патишта;

6. наплата и предлагање на висината на надоместоците за користење на јавните патишта утврдени со овој закон;

7. задолжувања кај домашни и странски финансиски институции;

8. организирање на изработка на студиии проекти за изградба, реконструкција, одржување, заштита и наплата на патарина со право истите да ги отстапува на физички и правни лица во согласност со Законот за јавни набавки ;

9. давање на вршење на работите за изградба, реконструкција и одржување на државните патишта на правни лица во согласност со Законот за јавни набавки;

10. организирање на работите за заштита и наплата на патарина за државните патишта со право да ги даде на извршување на правни лица во согласност со Законот за јавни набавки;

11. предлагање за давање на концесија и други видови на јавно – приватно партнерство;

12. предлагање нормативи за проектирање , изградба, реконструкција, одржување

и за штита на јавните патишта;

13. издавање дозволи и мислења согласно овој закон;

14. организирање и извршување на финансиски и технички надзор над активностите на државните патишта;

15. организирање на активности поврзани со вршење на броење на сообраќај, заштита на државните патишта, катастар на државните патишта и формирање на неопходни бази на податоци;

16. применување и користење на систем за управување со одржувањето на коловозите (PMS) и систем на управување со одржувањето на мостовите(BMS);

17. донесување општи акти на Агенцијата;

18. изготвување и извршување на годишна програма ;

19. подготвува предлог буџетско барање за наредната фискална година до Министерс твото за финансии ;

20. организирање на информативни услуги за јавноста за состојбата на патиштата и условите за сообраќајот;

21. вршење времена забрана на сообраќај на определена категорија на возила или на определен патен правец и утврдување на режимот на сообраќајот во соработка со Министерството за внатрешни работи во случај на отежнати услови на сообраќајот или при вонредни настани на државните патишта;

22. активности во врска со спроведувањето на експропријација на недвижности;

23. извршување на други работи предвидени со овој закон.

2) Работите од ставот 1 на овој член за општинските патишта ги врши и организира општината, односно градот Скопје во согласност со одредбите од овој закон

**Член 16**

Органи на Агенцијата се Управниот одбор и директорот.

**Член 17**

1) Управниот одбор на Агенцијата е составен од пет члена и тоа по еден член предложен од : Министерот за транспорт и врски, Министерот за финансии, Министерот за внатрешни работи, Министерот за локална самоуправа и Министерот за економија од редот на раководните државни службеници, кои ги именува и разрешува Владата на Република Македонија. Со работата на Управниот одбор раководи претседател.

2) Членовите на Управниот одбор се именуваат за време од пет години.

3) Членовите на Управниот одбор од своите редови избираат претседател и заменик Претседател за време од пет години.

**Член 18**

Член на управниот одбор на Агенцијата се разрешува пред истекот на времето за кое е именуван: - на негово барање ; - ако отсуствува од седниците на Управниот одбор неоправдано најмалку двапати годишно ; - ако се утврди дека има лично или по било која основа интереси кои можат да имаат влијание на неговата независност и непристрасност и - поради нестручно , непрофесионално и несовесно извршување на функцијата претседател или член на Управниот одбор во делот на материјалното и финансиско работење, констатирано во извештај од ревизор.

**Член19**

Управниот одбор на Агенцијата ги има следниве надлежности:

1. донесува статут и други општи акти на Агенцијата ; 2. донесува план и програма за

работа на Агенцијата ; 3. донесува акт за организација и работа и акт за систематизација на работните места во Агенцијата; 4. утврдува предлог буџетско барање до Министерството за финансии; 5.предлага петгодишна и годишна програма за изградба , реконструкција, одржување и заштита на државните патишта ; 6.усвојува годишен извештај за работата на Агенцијата и завршна сметка на Агенцијата ; 7. одлучува за користење на средствата за изградба , реконструкција, одржување и заштита на државните патишта согласно годишната програма од член 14 став 4 на овој закон ; 8. одлучува за организирање финансиска надворешна ревизија најмалку еднаш годишно ; 9. разгледува и одлучува по прашања во врска со состојбите за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта; 10. одлучува и за други работи утврдени со овој закон и Статутот на Агенцијата.

**Член 20**

1) Со Агенцијата раководи директор. За директор може да биде именувано лице кое има завршено најмалку високо образование, со најмалку 3 години работно искуство и активно познавање на англиски јазик.

2) Директорот на Агенцијата го именува и разрешува Владата на Република Македонија по предлог на министерот за транспорт и врски, за период од пет години.

3) Директорот ги врши следните работи : - ја претставува и застапува Агенцијата; - ја организира работата и раководи со стручните служби на Агенцијата ; - ги извршува одлуките на Управниот одбор ; - се грижи за законито работење на Агенцијата; - ги организира деловните активности на Агенцијата ; - изготвува и ги предлага на Управниот одбор општитеи другите акти што ги донесува Управниот одбор ; - донесува поединечни акт и за вработените од областа на работните односи; - доставува извештај за својата работа секоја година до Владата на Република Македонија и - одлучува и за други прашања утврдени со овој закон и статутот на Агенцијата.

4) Директорот е должен во извештајот од ставот 3 алинеја 8 на овој член особено да достави податоци за видот и обемот на работите извршени при вршењето на работите на Агенцијата. Ако од извештајот за работа се утврдат недостатоци и/или загуби во финансиското работење на Агенцијата, директорот е должен истите да ги отстрани во наредните шест месеци.

**Член 21**

Директорот на Агенцијата се разрешува пред истекот на мандатот во следните случаи :

- на негово барање ;
- ако не работи и постапува според закон, Статутот и актите на Агенцијата или неоправдано не ги спроведува одлуките на управниот одбор или постапува спротивно со нив ;
- ако со својата несовесна и неправилна работа предизвика нарушување во вршењето на работите во Агенцијата и причини штета ;
- ако ги занемарува или не ги извршува обврските и со тоа ќе настане нарушување во вршењето на работите од надлежност на Агенцијата ; - ако не достави годишен извештај за своето работење и - ако по истекот на рокот определен во членот 20 став 4 од ово ј закон не ги отстрани недостатоците и /или во тој рок повторно има недостатоци и/или загуби во финансиското работење .

**Член 22**

1) Агенцијата има Статут .

2) Со Статутот на Агенцијата особено се уредува :

- организацијата и начинот на работењето на Агенцијата;
- правата, обв рскит е и одговорностите на Агенцијата ;
- претставувањето и застапува њето на Агенцијата;

- постапката за донесување на општи акти и
- други прашања од значење за работењето на Агенцијата .

3) Согласност на Статутот на Агенцијата дава Владата на Република Македонија, по претходно мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Член 23**

Агенцијата се финансира од сопствени приходи остварени од надоместоци утврдени со овој закон и од средства од Буџетот на Република Македонија .

## IV. ПЛАНИРАЊЕ , ПРОЕКТИРАЊЕ , ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

**Член 24**

1) Приоритетите во изградбата и реконструкцијата на државните патишта се определуваат во согласност со Стратегијата за развој и одржување на државните патишта и врз основа на физибилити студии .

2) Физибилити студија е основен документ за избор на оптимално техничко и економско решение на варијантата на проектот .

**Член 25**

1) Јавните патишта се проектираат , градат и реконструираат согласно својата намена, овозможувајќи безбеден и непречен сообраќај и заштита на животната средина, а во согласност со овој закон и прописите за проектирање и градење.

2) Техничките елементи за изградба и реконструкција на јавните патишта и на објектите на патот ги пропишува министерот за транспорт и врски на предлог на Агенцијата.

**Член 26**

1) Под изградба на јавен пат во смисла на овој закон се подразбира изградба на патна инфраструктура на претежно нова траса.

2) Под реконструкција на јавен пат, во смисла на овој закон се подразбира изведување на работи на дел на постојниот пат со кој се менуваат неговите основни карактеристики, со цел да се зголем и нивото на услугата на патот.

3) Одредбите од овој закон со кои се уредува изградбата на јавен пат се применуваат и на реконструкцијата на тој пат .

**Член 27**

1) На мостовите, во тунелите, галериите и другите објекти на јавен пат, широчината на коловозот не смее да биде помала од широчината на коловозот на јавниот пат.

2) По исклучок од ставот 1 на овој член поради состојбата на теренот и техничките можности на мостовите, галериите и другите објекти на јавен пат широчината може да биде помала врз основа на дадена согласност од Агенцијата, но не помала од широчината на коловозот на јавен пат од пониска категорија.

3) Автобуските стојалишта на јавен пат, надвор од населено место, на дел од државен пат во населено место и на магистралните улици треба да бидат надвор од коловозот.

**Член 28**

1) Ако со изградбата на патот се предвидува и изградба на комунални, водостопански и други објекти, техничката документација мора да ги опфати и тие објекти и работи, кои ќе се изведуваат на, под и над површината на патот .

2) Трошоците за изработка на техничката документација за изградба на објектите од ставот 1 на овој член ги сноси инвеститорот на комуналните,

водостопанските и другите објекти.

**Член 29**

1) Ако се гради или реконструира пат на постојна траса, сопственикот на инсталациите е должен на свој трошок да ги измести или да ги приспособи инсталациите на настанатите промени.

**Член 30**

1) Ако постои јавен пат треба да се измести заради градење на друг објект (железничка линија, хидроенергетски постројки, рударски постројки и друго) делот од патот што се изместува треба да биде изграден со елементи што одговараат на категоријата на тој пат без оглед на состојбата во која се наоѓа .

2) Трошоците за изместување на јавниот пат од ставот 1 на овој член ги сноси инвеститорот на новиот објект .

**Член 31**

1) Во случај на вкрстување на јавен пат со друга инфраструктура, поради изградба или реконструкција на патот, трошоците за одржување на јавниот пат ги сноси инвеститорот на јавниот пат .

2) Ако инфраструктурата од ставот 1 на овој член не се користи за јавен сообраќај управувањето и одржувањето ги врши сопственикот на веќе постојната инфраструктура врз основа на меѓусебен договор.

**Член 32**

Општината, односно градот Скопје може да побара дел од државен пат кој поминува во населено место да биде изграден со елемент и со кои би настанале поголеми трошоци за градењето (поширок коловоз, тротоари, велосипедски патеки, места за паркирање и слично), при што зголемените трошоци ги сноси општината, односно градот Скопје.

**Член 33**

1) По извршената изградба или реконструкција на јавен пат, на дел од јавен пат или објект на патот, се врши технички прием согласно Законот за градење, врз основа на кој се издава од обрение за употреба на патот .

2) Агенцијата е должна да го објави предавањето на државен пат во сообраќај во најмалку два дневни весници што излегуваат на територијата на Републиката и во “Службен весник на Република Македонија ”, а предавањето на општински пат во сообраќај го објавува општината, односно градот Скопје во службен гласник на општината односно градот Скопје по издавањето на одобрението за употреба на патот.

3) Органот што го издал одобрението за градење, може да издаде од обрение за времена употреба за користење на дел од јавен пат што е во изградба или реконструкција и пред завршувањето на сите работи ако со технички прием се констатира дека тој дел ги исполнува условите за безбедно одвивање на сообраќајот.

## V. ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

**Член 34**

1) Работи на одржување на јавни патишта во смисла на овој закон се работите на редовно, зимско, периодично и интервентно одржување.

2) Работите од ставот 1 на овој член за државните патишта Агенцијата може со договор да ги отстапи на извршување на правни лица регистрирани за вршење на овие работи согласно закон.

3) Работите на одржување на општинските патишта и улици општината односно градот Скопје можат со договор да ги отстапат на извршување на правни лица регистрирани за вршење на овие работи согласно закон.

**Член 35**

1) Јавните патишта се одржуваат на начин со кој се обезбедува зачувување на употребната вредност на патот за траен, безбеден и непречен сообраќај, под услови определени со овој закон, техничките нормативи и стандарди и прописите за безбедноста на сообраќајот на патиштата.

2) Мерките за одржување, начинот и роковите за нивното извршување на јавните патишта ги пропишува министерот за транспорт и врски.

**Член 36**

1) Работи на редовно одржување се сите активности со кои патот континуирано се одржува во функционална состојба и безбедно одвивање на сообраќајот.

2) Работи на зимско одржување се сите активности за обезбедување на сообраќајот во зимски услови.

3) Работи на периодично одржување се сите активности кои по времено се превземаат за продолжување на животниот век на патната инфраструктура.

4) Работи на интервентно одржување на патиштата се активности за отстранување на оштетувања настанати од непредвидени настани за обезбедување на непречен и безбеден сообраќај на патот.

5) Видот на активностите за работите од ставовите 1, 2, 3 и 4 на овој член и начинот на нивното извршување ги пропишува министерот за транспорт и врски.

**Член 37**

1) На места на вкрстување на државен, односно општински пат со железничка пруга во ниво, одржувањето на колосекот, другите постројки и уреди што и служат на пругата, коловозот на патот на растојание од по три метри од осовината на колосекот од двете страни, сообраќајната сигнализација на пругата и патот, поставувањето и одржувањето на опремата и уредите што им служат на патот и пругата, како и обезбедување на прегледноста на патниот премин го врши правното лице овластено за управување и одржување на железничката инфрастр укту ра. Одржувњето на другите делови од јавниот пат за државните патишта го врши правно лице на кое му е доверено извршувањето на работите на одржување на патиштата, а за општинските патишта и улици општината, односно градот Скопје.

2) Трошоците за одржување на пругата и патот, постројките и уредите што им служат на пругата и патот подеднакво ги сносат правното лице за управување и одржување на железничката инфраструктура и правното лице на кое му е доверено извршувањето на работите на одржување на патиштата, а за општинските патишта и улици општината, односно градот Скопје.

**Член 38**

За штетата што ќе им биде причинета на корисниците на јавните патишта и улици заради пропуштање на благовремено извршување на потребните работи и преземање на соодветни мерки за одржување на јавните патишта и улици одговара правното лице на кое врз основа на договор му се отстапени работите за одржување на јавните патишта и улици.

## VI. ЗАШТИТА НА ЈАВНИТЕ ПАТИШТ А

**Член 39**

1) Под заштита на јавен пат се подразбира преземање мерки, потребни за спречување на недозволен и дејствија во трупот на патот, патниот и заштитниот појас, поведување на прекршочна постапка и постапка за враќање на узурпирано земјиште, како и на контрола на вкупната тежина и оскиниот притисок на возилата.

2) Работите на заштита на државните патишта се во надлежност на Агенцијата.

3) Работите на заштита на општинските патишта се во надлежност на општината, односно градот Скопје.

4) За недозволените активности од ставот 1 на овој член, зависно од категоријата на патот, се известува Државниот инспекторат за транспорт, односно овластениот инспектор за патишта на општината, односно градот Скопје.

5) Извршителот на недозволените активности, по налог на инспектор од ставот 4 на овој член, е должен веднаш да ги отстрани последиците од недозволените активности и местото да го врати во првобитна состојба.

6) Ако последиците од недозволените активности од ставот 5 на овој член не се отстранат од извршителот, тие ќе бидат отстранети од Агенцијата, односно од надлежниот орган во општината, на сметка на извршителот на недозволената активност.

7) Начинот на заштита на јавните патишта го пропишува министерот за транспорт и врски.

**Член 40**

1) Широчината на заштитниот појас на автопат во кој не можат да се градат објекти или изведуваат градежни работи кои не се во функција на патот изнесува 40 метри, на магистралните и регионалните патишта изнесува 20 метри, а на општинските патишта 10 метри.

2) Во заштитниот појас на јавните патишта, надвор од населени места, можат да се градат објекти во функција на патот кои служат за потребите на возилата и патниците, и тоа: бензиски пумпни станици со станици за точење на ТНГ во моторните возила, автосервиси и вулканизери, помош на патиштата, мотели, ресторани, паркиралишта и одморалишта и видиковци со придружни објекти (јавно WC и туш-кабини) и објекти за продажба на безалкохолни освежителни пијалаци и ладни сендвичи.

3) Широчината на заштитниот појас се смета од надворешниот раб на патниот појас за се кој а страна на патот посебно.

4) Одредбите од ставот 1 на овој член во поглед на широчината на заштитниот појас не се однесуваат на деловите од јавни патишта и улици во населените места за кој постојат урбанистички планови.

5) Телефонски, телеграфски и други кабловски водови, нисконапонски електрични водови, односно водови за напојување, канализација, водоводи, топловоди и други слични уреди можат да се поставуваат во заштитниот појас на патот по поднесено барање, под услови и на начин утврдени во дозволата издадена од Агенцијата, а за општинските патишта и улици во согласноста издадена од општината, односно градот Скопје.

6) Агенцијата, односно општината или градот Скопје може да побара од управителот на инсталациите и уредите од ставот 4 на овој член да ги преуред и или премести кога тоа е потребно заради обновување или реконструкција на јавниот пат или заради спроведување на мерки за заштита на патот и безбедноста на сообраќајот.

7) Трошоците за преуредување или преместување на инсталациите и уредите се на товар на управителот на инсталациите и уредите.

8) Агенцијата, односно општината или градот Скопје ќе го одбие барањето за издавање на согласност од ставот 4 на овој член, ако со нивното поставување би се оштетил патот или биде загрозена безбедноста на сообраќајот, ако поставувањето битно влијае на одржувањето на патот или би била оневозможена неговата реконструкција.

9) По исклучок, инсталациите од ставот (5) на овој член можат да се поставуваат и во трупот на патот и во патниот појас само под услови и на начин утврдени во дозволата за нивно поставување, која за државните патишта ја издава Агенцијата, а за општинските патишта општината, односно градот Скопје.

**Член 41**

1) Агенцијата во рамките на своите надлежности утврден и со овој закон издава дозволи за:

- поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта;

- поставување на инсталации во заштитниот појас;
- поставување заштитни огради покрај државните патишта;
- вонреден превоз и - прекумерно користење на пат.

2) Аг енцијата за издадените дозволи од ставот 1 на овој член води евиденција.

3) Против решението со кое се одбива барањето за издавање на дозволите од ставот 1 на овој член може да се поднесе жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен од областа на транспортот и врските, во рок од осум дена од денот на доставувањето на решението.

4) Дозвола за општинските патишта од ставот 1 на овој член издава градоначалникот на општината односно градоначалникот на градот Скопје.

5) Против решението со кое се одбива барањето за издавање на дозволите од ставот 4 на овој член може да се поднесе жалба до министерот за транспорт и врски во рок од осум дена од денот на доставувањето на решението.

**Член 41-а**

1) Заради обезбедување на посебен режим на сообраќај на автопат и магистрален пат на кој е воведен систем на наплата на надоместок за употреба на патот, како и за да се спречи неконтролирано движење на луѓе и животни на коловозот, на надворешниот раб на патниот појас континуирано се поставува заштитна ограда.

2) Со заштитна ограда се оградуваат и објектите што се во функција на автопатот и магистралниот пат (бензински станици, мотели, сервиси и слично), а која е во континуитет со заштитната ограда на автопатот и магистралниот пат.

3) Заштитната ограда од ставот (1) на овој член ја поставува Агенцијата за државни патишта, а заштитната ограда од ставот (2) на овој член сопственикот, односно корисникот на објектот.

4) Заштитната ограда за објектите што се во функција на патот се поставува врз основа на дозвола што ја издава Агенцијата.

**Член 42**

1) Возилата на моторен погон и запрежните возила што се движат на јавните патишта и нивните приклучни возила, освен возилата со гасеници, мора да имаат гумени тркала.

2) Возила со гасеници можат да сообраќаат по јавните патишта со современ коловоз, само ако гасениците се снабдени со облоги со рамни површини или со други соодветни облоги.

3) По исклучок на одредбите од ставот 2 на овој член, возилата со гасеници на единиците на Армијата на Република Македонија, и возилата и машините кои се ангажирани во зимската служба за расчистување на снег можат да се движат на јавните патишта со современ коловоз иако гасениците не се снабдени со облоги со рамни површини или со други соодветни облоги.

4) Трошоците за настанатата штета на патот од возилата на Армијата на Република Македонија паѓаат на товар на Армијата на Република Ма кедонија.

**Член 43**

1) Користење на државниот пат со возило кое празно или заедно со товарот ги надминува пропишаните услови во поглед на димензиите, вкупната тежина и оскиниот притисок, се врши врз основа на дозвола за вонреден превоз издадена од Агенцијата, а за општинските патишта со дозвола за вонреден превоз издадена од градоначалникот на општината,односно градоначалникот на градот Скопје по претходна согласност на Министерството за внатрешни работи.

2) Ако за вонредниот превоз е потребно да се превземат мерки за обезбедување, потпирање и зајакнување на објектите на патот и слично, трошоците во врска со преземањето на тие мерки ги поднесува превозникот.

3) Во дозволата за вонреден превоз се одредуваат начинот и условите за

извршување на превозот и трошоците за тој превоз.

4) Превозникот ги сноси сите трошоци за настанатите оштетување на патот и објектите на патот од вонредниот превоз.

5) Агенцијата, градоначалникот на општината, односно градоначалникот на градот Скопје, ќе го одбие барањето за издавање на дозвола за вонреден превоз, доколку оцени дека со извршувањето на вонредниот превоз би настанале поголеми и трајни оштетувања на патот или ако постојат други алтернативни патишта.

**Член 44**

1) Прекумерно користење на јавен пат или негов дел е времено или трајно користење на патот на повеќе од 50% од сите извршени превози на стока на патот, заради извршување на инвестициони работи или заради вршење на производни и услужни дејности (искористување на камења, руди или слично).

2) Прекумерното користење на јавниот патот се утврдува врз основа на просечен годишен дневен сообраќај на товарни возила со носивост поголема од 10 тони, утврден со најмалку четирикратно броење на сообраќајот на соодветниот пат од страна на прекумерниот корисник.

3) Прекумерен корисник на патот е правно или физичко лице кое изведува инвестициони работи или дејности од ставот 1 на овој член.

4) За прекумерното користење на јавниот патот, од ставот 1 на овој член, на корисникот му се издава дозвола.

5) За прекумерно користење на државен пат дозволата ја издава Агенцијата а за општински пат надлежниот орган во општината, односно градот Скопје.

6) Трошоците за прекумерното користење на јавниот пат паѓаат на товар на корисникот на патот.

**Член 45**

1) Во заштитниот појас на јавен пат надвор од населени места може да се поставуваат натписи и рекла мни табли и тоа: покрај автопат и експресен пат на оддалеченост од најмалку 25 метри, на магистрален и регионален пат на оддалеченост од најмалку 10 метри и на општински пат на оддалеченост од најмалку 5 метри, сметајќи од крајната точка на патниот појас, без да ја попречуваат прегледноста и да ја загрозуваат безбедноста на сообраќајот на патот, само врз основа на дозвола од Агенцијата.

2) Со дозволата се определуваат условите за поставување на натписи и рекламни табли и надоместокот за поставување и користење на истите.

**Член 46**

1) Сопствениците и корисниците на објектите лоцирани во заштитниот појас на државните патишта или во нивна близина можат да изградат пристапен пат до државниот пат, врз основа на одобрение, кое го издава Агенцијата по претходна согласност од Министерството за внатрешни работи.

**Член 46-а**

(1) Одобрението за изградба на пристапен пат се издава врз основа на поднесено барање од сопственикот или корисникот на објектите од членот 46 ставови (1) и (2) на овој закон.

(2) Кон барањето за издавање на одобрение се приложува:

- доказ за сопственост на објектот или доказ со кој на барателот му е пренесено правото на користење на објектот за кој се бара одобрение за изградба на пристапен пат,
- согласност за изградба на пристапен пат од Министерството за внатрешни работи,
- решение за утврден режим на сообраќај,
- сообраќајно решение и

- доказ за платен надоместок за издавање на одобрение за изградба на пристапен пат.

2) Одобрението за изградба на пристапен пат до општински пат издава општината, односно градот Скопје по претходна согласност од Министерството за внатрешни работи.

3) Трошоците за изградба на пристапен пат ги сносат сопствениците или корисниците на објектите од ставовите 1 и 2 на овој член.

4) Ако промената на положбата на пристапниот пат на јавниот патот на кој тој се приклучува е предизвикана од Агенцијата или општината, односно градот Скопје истите ќе ги сносат трошоците за изградба на новиот пристапен пат .

5) Патиштата што се приклучуваат кон државните патишта со современ коловоз мораат да имаат современ коловоз во должина од 100 метри сметајќи од местото на приклучокот, а на општинските патишта 50 метри од местото на приклучок.

**Член 47**

Министерот за внатрешни работи по предлог од Агенцијата, односно општината, односно градот Скопје може да го забрани користењето на постојниот пристапен пат доколку постои можност за користење на друг пристапен пат заради безбедност на сообраќајот во зависност од категоријата на патот.

**Член 48**

1) Дрвјата и другите шумски и земјоделски култури и насади покрај јавен пат, не смеат да ја попречуваат прегледноста на патот, односно да ја загрозуваат безбедноста на сообраќајот на патот.

2) Агенцијата, односно општината, односно градот Скопје во зависност од категоријата на патот ќе побара од сопственикот да ги исече односно поткастри дрвјата и другите насади заради зголемување на прегледноста и безбедноста на јавниот пат . Доколку сопственикот не постапи по барањето овие работи ќе ги изврши правното лице на кое му е доверено одржувањето на јавните патишта на сметка на сопственикот .

**Член 49**

1) На места на меѓусебно вкрстување на јавни патишта или приклучување на еден кон друг јавен пат , треба да се обезбедат триаголници за прегледност согласно техничката документација .

2) Во триаголниците на прегледност не смеат да се садат садници , поставуваат предмети , постројки и уреди, да се градат какви и да било објекти кои пречат на прегледноста на јавниот пат .

3) Сопствениците , односно корисниците на земјиштето во зоната на триаголниците на прегледноста на јавниот пат , на барање на Агенцијата , односно општината , односно градот Скопје во зависност од категоријата на патот се должни да ги отстранат објектите , дрвјата, насадите и другите предмет и кои пречат на прегледноста, а доколку тоа сопственикот или корисникот не го стори во определен рок тоа ќе го стори правното лице на кое му е доверено одржувањето на јавните патишта за сметка на сопственикот односно корисникот.

**Член 50**

1) Забрането е оставање на градежен и друг материјал и предмети во заштитниот појас покрај јавен пат на оддалеченост помала од пет метри, сметајќи од надворешниот раб на патниот појас .

2) Сопствениците , односно корисниците на јавни објекти - локали , продавници , бензински пумпи , земјиште и простор за јавни приредби и слични објекти покрај патот , се должни веднаш да го исчистат делот на патот пред обје ктот .

3) Патот се чисти на начин што не треба да го попречува сообраќајот и да не се оштетува патот.

4) Ако правните и физичките лица не постапат согласно ставот 2 на овој член,

отстранувањето и чистењето на јавниот пат на нивни трошок ќе го изврши правното лице со кое е склуч ен договор за од ржување.

**Член 50-а**

**Член 50-а**

Заради заштита на јавните патишта забрането е:
1) заземање земјиште од патниот појас;
2) спречување на истекување на атмосверските води, ниту менување на природниот тек на водите;
3) пасење на стока, косење на трева, оштетување и сечење на дрвја покрај патот, како и оштетување и однесување на материјали наменети за одржување на патот;
4) спуштање на дрвја и други материјали по косините на патот;
5) влечење на греди, трупци, плугови, камени блокови, железни шипки и други слични предмети;
6) кочење на запрежни возила со блокирање на тркалата;
7) свртување на работни и други машини при обработување на земјата;
8) градење на поила за стока и пуштање на стока во патниот појас;
9) фрлање шут, одпадоци, држење на ѓубре или депонии во патниот и заштитниот појас на патот;
10) оставање на отпадоци, смет или други материјали на коловозот, банкините, патниот појас или тротоарите;
11) испуштање на отпадни и други води и други материјали на патот и во патниот појас или во одводните канали или спречување на водата од патот или одводните канали;
12) нанесување кал на пат од пристапните патишта на пат со современ коловоз;
13) приклучување или исклучување на возила од патот надвор од уредените места определени за тоа;
14) движење на возила по пешачка патека (тротоар или банкина на патот);
15) поставување светлосни направи покрај патот кои му пречат на сообраќајот;
16) терање на стока надвор од местата определени за премин преку патот;
17) попречување на користење на патот или улицата, прекопување на коловозот, оставање пречки или друг материјал на коловозот или неовластено поставување разни препреки;
18) продавање овошје, зеленчук, мед, алкохолни и безалкохолни производи и слично на патот и
19) вршење на други работи со кои може да се оштети патот или да се попречува или загрозува сообраќајот.

**Член 51**

1) Агенцијата или општината, односно градот Скопје за општинските патишта во соработка со Министерството за внатрешни работи може привремено да го забрани сообраќајот на јавен пат негов дел , или објект на патот , за сите или за одделни категории возила ако сообраќајот ја загрозува конструкци ј ата на јавниот пат , заради извршување на активности за изградба или реконструкција на јавниот пат , заради состојбата на патот која оневозможува безбеден сообраќај, а поради директна загрозеност на учесниците во сообраќајот.

2) Забраната на сообраќајот навремено се објавува преку средствата за јавно информирање и се означува со соодветна сообраќајна сигнализација на патот под надзор на Агенцијата или општината , односно градот Скопје .

3) Агенцијата, односно општините , односно градот Скопје водат евиденција за сите изречени забрани на сообраќај на јавните патишта во рамките на нивните надлежности утврдени со овој закон .

**Член 52**

1) Јавните патишта се опремуваат со сообраќајни знаци и сообраќајна

сигнализација и заштитна опрема , зависно од сообраќајно - техничките услови на патот .

2) Организирањето на поставување , заменување или отстранување на сообраќајните знаци , сообраќајната сигнализација и заштитната опрема на државните патишта ги врши Агенцијата .

3) Сообраќајните знаци, сообраќајната сигнализација и заштитната опрема на општинските патишта ги поставува, заменува или отстранува и уредно ги одржува општината, односно градот Скопје.

4) Поставувањето, заменувањето и отстранувањето на сообраќајните знаци и заштитната опрема на јавните патишта се врши врз основа на техничка документација.

5) Техничката документација во врска со сообраќајните знаци и сообраќајната сигнализација на јавните патишта ја одобрува Министерството за внатрешни работи .

6) Министерот за транспорт и врски во согласност со министерот за внатрешни работи го пропишува начинот за идентификација на јавните патишта со соодветен референтен систем и стационажа .

**Член 53**

Забрането е неовластено поставување , отстранување , преместување , засолнување или оштетување на сообраќајните знаци, сообраќајната сигнализација и заштитната опрема на јавниот пат.

**Член 54**

За состојбата и проодноста , како и за прекините на сообраќајот поради вонредни настани на државните патишта , Агенцијата , а за општинските патишта општината , односно градот Скопје се должни преку средствата за јавно информирање и на друг погоден начин благовремено да ги известат корисниците на патиштата, како и да водат евиденција за истите.

## VII. ФИНАНСИРАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

**Член 55**

Финансиските средства за изградба, реконструкција , одржување и заштита на јавните патишта се обезбедуваат од :

1. трансфер од Централниот буџет (делот од акцизата од деривати од нафта );
2. надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса );
3. надоместок за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина);
4. надоместок за:
   а ) поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас ;
   б) приклучување на пристапен пат на јавен пат ;
   в ) поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас ;
   г) изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место;
   д ) прекумерно користење на пат;
   ѓ) вонредниот превоз и
   е ) штета сторена на патот и објектите на патот.
5. средства од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на општините и на градот Скопје;
6. заеми и кредити и
7. други приходи .

**Член 56**

Висината на средствата од трансферот од Централниот буџет од членот 55 став 1 точка 1 на овој закон се утврдува со Буџетот на Република Македонија и истата не може да биде помалку од 20%.

**Член 57**

1) Висината и начинот на плаќање на надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса ), од членот 55 точка 2 на овој закон ја пропишува Владата на Република Македонија , во зависност од категоријата на возилото , носивоста , и/или зафатнината и јачината на моторот.

2) Имателите на моторни возила што подлежат на регистрација надоместокот за употреба на јавните патишта го плаќаат при регистрација на возилата.

**Член 58**

1) Плаќање на надоместок за употреба на пат (патарина ) од членот 55 точка 3 од овој закон, може да се воведе за :

1. употреба на автопат, експресен пат, магистрален пат или нивен дел и

2.употреба на мост, вијадукт или тунел, изграден заради скратување на трасата на постојниот пат.

2) Висината и начинот на напл ата на надоместокот од ставот 1 на овој член ја утврдува Владата на Република Македонија , во зависност од :

1. видов и на возила по категории ;

2. извозеното растојание и

3. фреквенција на возилата.

3) Наплатата на надоместокот од ставот (1) на овој член ја врши Агенцијата или правно лице избрано од страна на Агенцијата на јавен оглас согласно со закон

4) Средствата собрани од надоместокот од ставот 1 на овој член се приход на Агенцијата и се користат за финансирање на програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта.

5) За платениот надоместок од ставот 1 на овој член на корисникот на патот му се издава билет за патарина - фискална сметка или билет за наплата на патарина со претплата која корисникот е должен да ја чува во возилото за цело време на движење на патот како доказ за наплатена патарина и да ја покаже на овластеното службено лице , определено со закон .

6) Корисникот на патот е должен да застане на наплатната рампа заради наплата на патарина.

**Член 59**

Средства собрани од патната такса од членот 55 точка 2 на овој закон се приход на Агенцијата и се користат за финансирање на изградбата, реконструкцијата , одржувањето и заштита на јавните патишта .

**Член 60**

1) Средствата од надоместокот за упот реба на јавните патишта за моторните и приклучни возила што имателите на моторни возила го плаќаат при регистрацијата на возилото се собираат од правни лица овластени за вршење на регистрација на возила и се трансферираат на потсметка на Агенцијата, во рамките на единствената трезорска сметка.

2) Агенцијата склучува договори за извршување работи за наплата на надоместокот за употреба на јавните патишта (патна такса) со правни лица овластени за вршење регистрација на возилата.

3) Од вкупните средства остварени по основ на надоместокот од ставот 1 на овој член 50% се приход на Агенцијата и се користат за изградба , реконструкција , одржување и заштита на државните патишта , а 50% се распределуваат на општините , односно на градот Скопје за изградба , реконструкција , одржување и заштита на општинските патишта и улици согласно годишна програма за изградба ,

реконструкција , одржување и заштита на општинските патишта и улици .

4) Распределбата на средствата на општините , односно градот Скопје го врши Агенцијата врз основа на следните критериуми: должината на општинските патишта и улици , број на регистрирани возила во општината и број на жители во општината и површина на општината .

5) Начинот на распределба на средствата од ставот 3 на овој член го пропишува министерот за транспорт и врски.

6) За реализација на средствата од ставот 3 на овој член општините , односно градот Скопје поднесуваат извештај до Агенцијата .

**Член 61**

1) Средствата од членот 55 точката 4 од овој закон, остварени од државните патишта се приход на Агенцијата и истите се користат за изградба , реконструкција , одржување и заштита на државните патишта .

2) Средствата од член 55 точка 4 од овој закон, остварени од општинските патишта се приход на општината , односно градот Скопје и истите се наменети за изградба , реконструкција , одржување и заштита на општинските патишта и улици.

**Член 62**

Висината на надоместокот од членот 55 точка 4 од овој закон за државните патишта ја утврдува Владата на Република Македонија по предлог на Агенцијата, а висината на надоместокот за општинските патишта ја утврдува Советот на општината , односно Советот на градот Скопје.

**Член 62-а**

Во случај на доделување на концесија од членот 11 на овој закон, финансиските средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на јавен пат од членот 55 точки 1, 2, 3 и 4 на овој закон можат да бидат приход на концесионерот согласно со членовите 56, 58, 59, 60 и 61 од овој закон, на начин и под услови утврдени со договорот за концесија.

**Член 63**

1) Заемите и кредитите предвидени во членот 55 точка 6 од овој закон се користат исклучиво за изградба, реконструкција и одржување на јавните патишта .

2) Начинот и постапката на обезбедување на заемите и кредитите од ставот 1 на овој член се врши во согласност со одредбите од Законот за јавен долг.

**Член 64**

1) За давање на информации и техничка помош на моторизираните учесници во сообраќајот на јавните патишта, за отстранување од јавните патишта на оштетените возила и возила во дефект, како и за други работи од значење за непречено и безбедно одвивање на сообраќајот на јавните патишта, се плаќа надоместок за техничка помош.

2) Висината на надоместокот од ставот 1 на овој член ја определува Владата на Република Македонија.

3) Надоместокот од ставот 1 на овој член се плаќа прирегистрација на возилата.

4) Средствата од ставот (1) на овој член се приход на Буџетот на Република Македонија. Дел од овие средства ќе се користат за финансирање на работите од ставот (1) на овој член согласно со годишната програма што ја предлага правното лице на кое му е доверено извршувањето на овие работи, избрано на јавен оглас од страна на Министерството за транспорт и врски.

5) За извршените работи правните лица од ставот 4 на овој член поднесуваат годишен извештај до Министерството за транспорт и врски најдоцна до 31 јануари во тековната година за претходната година .

**Член 65**

Од плаќање на надоместок за употреба на јавните патишта (патна такса) се ослободуваат возилата на: лица заболени од дистрофија , мултиплекс склероза , церебрална парализа , параплегија, хемиплегија , квадриплемија , детска парализа , (полиомиелитис), слепите лица со оштетување на видот над 90%, лица на дијализа и лица со ампутација на рака или нога со признато телесно оштетување од 80% утврдено со акт на надлежната комисија во Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија.

**Член 66**

1) Од плаќање на патарина за време на служба се ослободуваат:

1. возила со полициска придружба и

2. видливо означени возила на Армијата на Република Македонија , на полицијата, на Царинската управа , на Агенцијата, на итната медицинска помош , на Црвениот крст на Република Македонија , на противпожарните служби, Државниот инспекторат за транспорт, Дирекцијата за заштита и спасување, Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта "Македонија пат" - Скопје и погребалните возила;

2) Од плаќање на патарина се ослободуваат возилата на: лица за болени од дистрофија, мултиплекс склероза , церебрална парализа , параплегија , хемиплегија, квадриплемија, детска парализа , (полиомиелитис ), слепите лица со оштетување на видот над 90%, лица на дијализа и лица со ампутација на рака или нога со признато телесно оштетување од 80% утврдено со акт на надлежната комисија во Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија .

3) Во возилата на лицата од ставот (2) на овој член треба да има членски книшки издадени од надлежните здруженија, потпишани и заверени од страна на Агенцијата, и налепница на ветробранското стакло од возилото со која се потврдува нивното ослободување од плаќање патарина, за тековната календарска година.

## VII-а ПОСТАПКА ЗА ДАВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ПОМОШ НА ПАТ

**Член 66-а**

(1) Јавниот оглас за давање овластување на правно лице за давање на информации и техничка помош на моторизираните учесници во сообраќајот на јавните патишта, за отстранување од јавните патишта на оштетените возила и возила во дефект, како и за други работи од значење за непречено и безбедно одвивање на сообраќајот на јавните патишта го распишува Министерството за транспорт и врски.

(2) Јавниот оглас од ставот (1) на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македонија" и во едно домашно јавно гласило.

(3) Времетраењето на јавниот оглас трае најмалку десет дена.

(4) Јавниот оглас особено содржи:

- информација за предметот на огласување за давање на информации и техничка помош на моторизираните учесници во сообраќајот на јавните патишта, за отстранување од јавните патишта на оштетените возила и возила во дефект, како и за други работи од значење за непречено и безбедно одвивање на сообраќајот на јавните патишта,
- известување за предметот на овластување, како и дека овластувањето се дава само на едно правно лице,
- важност на овластувањето,

- начин и постапка за избор на носител на овластувањето,
- способност на правното лице (лична состојба, способност за вршење на професионална дејност, економска и финансиска состојба, техничка и професионална способност),
- минимално-технички и просторни услови за извршување на услугите од овластувањето,
- услови за избор на правно лице за давање на овластување и
- место и рок за поднесување на пријавите.

(5) Постапката за избор на правното лице од ставот (1) на овој член ја спроведува Комисија формирана од министерот за транспорт и врски составена од најмалку три члена од Министерството за транспорт и врски, која по спроведената постапка доставува предлог до министерот за транспорт и врски за избор на правно лице носител на овластување.

(6) Постапката за избор ќе се спроведе и доколку на јавниот оглас се јави и едно правно лице.

**Член 66-б**

(1) Услови кои треба да ги исполнува правното лице за да добие овластување се:

1) опременост со технички средства (сопствени средства, алат и опрема);
2) оспособеност на стручниот кадар за работа со технички средства;
3) оспособеност и техничка опременост за давање информации за давање
техничка помош:
- сопствена кол (call) централа со единствен карактеристичен телефонски број,
- сопствен информативен центар со единствен карактеристичен телефонски број,
- да има најмалку седум центри за давање на помош на пат, да има во сопственост најмалку 20 возила за помош на пат и 20 камиони за превоз на оштетени, хаварисани возила и возила во дефект и
- да има вработено најмалку 30 лица во редовен работен однос;
4) способност за давање помош на пат, превоз на дефектни и оштетени возила на учесниците во сообраќајот;
5) членување во меѓународен систем надлежен за координирање на помош на пат и давање на информации на учесниците во сообраќајот на патиштата;
6) најмал понуден процент за исплата на надоместок од Буџетот на Република Македонија од надоместокот кој се наплаќа при регистрација на возила;
7) да не е отворена постапка за стечај или ликвидација;
8)да не му е изречена забрана за добивање овластување, за основање нови правни лица, за привремена,односно трајна забрана за вршење на дејност и да не му е одземено овластување и
9) редовно да ги плаќал даноците, придонесите и другите јавни давачки.

(2) Условите од ставот (1) на овој член правното лице е должно да ги исполнува за цело време на важноста на овластувањето.

**Член 66-в**

(1) Со барањето правното лице задолжително треба да достави документација сокоја ќе ја докаже способноста за вршење на професионална дејност, економската и финансиската состојба и техничката или професионалната способност за извршување на работите за кои се дава овластувањето.

(2) За докажување на исполнетоста на условите од членот 66-б на овој закон, правното лице ги доставува следниве документи:

1) потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган;
2) потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;
3) потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена мерката одземање на овластувањето, забрана на добивање овластување, забрана на основање на нови

правни лица или привремена, односно трајна забрана за вршење на одделна дејност и одземање на овластувањето;
4) потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки;
5) документ за регистрирана дејност за вршење на дејноста предмет на јавниот оглас;
6) извештај за биланс на состојба и податоци за биланс на успех за последната деловна година заверен од надлежен орган;
7) опис на економско-финансиската состојба на субјектот;
8) список на сопствени средства, алат и опрема;
9) доказ за поседување сопствен информативен центар со единствен карактеристичен телефонски број;
10) доказ за поседување сопствена кол (call) централа со единствен карактеристичен телефонски број;
11) доказ за бројот на центри за давање на информации и техничка помош на моторизираните учесници во сообраќајот на јавните патишта, за отстранување од јавните патишта на оштетените возила и возила во дефект, како и за други работи од значење за непречено и безбедно одвивање на сообраќајот на јавните патишта на територијата на Република Македонија;
12) доказ за бројот и квалификационата структура на вработените со која располага правното лице (вработените да се во редовен работен однос) и
13) договор, пристапница, одлука или друг акт од кој може да се утврди дека правното лице членува во меѓународен систем надлежен за координирање на помош на пат и давање на информации на учесниците во сообраќајот на патиштата.
(3) Документите од ставот (2) точки од 1 до 4 на овој член не смеат да бидат постари од шест месеци сметано од крајниот рок за доставување на понудите.
(4) Новоформиран субјект кој не може да достави извештај за биланс на состојба и податоци за биланс на успех за цела деловна година наместо документите од ставот (2) точки 6 и 7 на овој член доставува само описно објаснување за економско-финансиската состојба.

**Член 66-г**

(1) Решение за давање на овластување донесува министерот за транспорт и врски на предлог на Комисијата од членот 66-а став (5) на овој закон.
(2) Против решението од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисијата за решавање на управни работи во втор степен од областа на сообраќајот на Владата на Република Македонија.
(3) Решението за давање на овластување од ставот (1) на овој член се објавува во “Службен весник на Република Македонија”.
(4) Врз основа на решението од ставот (1) на овој член министерот за транспорт и врски и правното лице носител на овластувањето склучуваат договор за регулирање на меѓусебните односи.

**Член 66-д**

(1) Со правното лице кое ќе биде избрано на јавниот оглас, Министерството за транспорт и врски ќе склучи договор. Финансирањето на дејностите ќе се врши од средствата кои се уплатуваат во Буџетот на Република Македонија при регистрација за патничките моторни возила во висина утврдена со одлука на Владата на Република Македонија, а ќе го уплатуваат во Буџетот на Република Македонија станиците за технички преглед на патничките моторни и приклучни возила и трактори, како и вирманските уплати на овој надоместок од правни ифизички лица.
(2) Договорот од ставот (1) на овој член се склучува за период од 15 години.

**Член 66-ѓ**

(1) Министерот за транспорт и врски ќе го одземе овластувањето на правното лице, доколку:

- престане да ги исполнува условите од членот 66-б на овој закон,
- не ги почитува одредбите од договорот за регулирање на меѓусебните односи меѓу правното лице и Министерството за транспорт и врски и
- поднесе барање за престанок на овластување, но не пред истекот на пет години од почетокот на овластувањето.

(2) Против решението за одземање на овластување од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба во рок осум дена од денот на приемот на решението до Комисијата за решавање на управни работи во втор степен од обласга на сообраќајот на Владата на Република Македонија.

(3) Во решението за одземање на овластување министерот за транспорт и врски ќе го утврди рокот за престанок на вршење на работите од овластувањето, односно рокот во кој ќе може да продолжи да ги врши работите од овластувањето до изборот на ново правно лице на кое ќе се даде овластување.

**Член 66-е**

(1) Надзор над работата на овластеното правно лице врши Министерството затранспорт и врски.

(2) При вршење на надзорот Министерството за транспорт и врски утврдува далиправното лице и понатаму ги исполнува пропишаните услови за давање наовластувањето и дали ги извршува своите должности во согласно со овој закон исогласно со договорот од членот 66-д на овој закон.

## VIII. НАДЗОР

**Член 67**

Надзор над примената на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на истиот врши Миниетерство за транспорт и врски.

**Член 68**

Инспекциски надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон вршат за државните патишта Државниот инспекторат за транспорт преку државните инспектори за патишта , а за општинските патишта и улици овластениот инспектор за патишта на општината , односно градот Скопје.

**Член 69**

Инспекторите за патишта од членот 68 од овој закон согласно надлежностите утврдени со овој закон во зависност од категоријата на патот , се овластени да :

1. вршат увид и контрола над одржувањето и заштитата на јавните патишта и објектите на патиштата ;
2. ги запрат работите што се изведуваат спротивно на одредбите на овој закон , во врска со заштитата на јавните патишта и објектите на патиштата и наредат отстранување на недостатоците;
3. наредат отстранување на недостатоците на јавните патишта кои ја загрозуваат без бедноста на сообраќајот и стабилноста на патот и патните објекти;
4. запрат работи кои се изведуваат на патот или во близина на патот , а кои може да ја доведат во прашање сигурност на јавниот пат и безбедноста на сообраќајот ;
5. исклучат од сообраќај возило со кое се врши превоз без дозвола за вонреден превоз ;
6. наредат рушење на објект или негов дел кој се гради во патниот или заштитниот појас ;

7. превземат мерки за обезбедување на јавниот пат и по потреба и привремено да го забрани сообраќајот за определена категорија на возила кои поради своите технички карактеристики можат да нанесат штета на јавниот пат или поради состојбата на јавниот пат можат да ја загрозат без бедноста на сообраќајот ;
8. забранат сообраќај на новоизграден или реконструиран јавен пат , негов дел или објект на него ако се истите пуштени во употреба без одобрување за употреба ;
9. забранат употреба на паркиралишта или пристапни патишта на јавните патишта ако се изградени без одобрение или спротивно на издаденото одобрение;
10. вршат надзор и контрола на наплата на патарината и
11. превземаат други мерки и дејствија за кои се овластени со овој закон.

**Член 70**

Инспекторите за патишта се должни доколку во вршењето на надзорот утврдат постоење на прекршок или кривично дело веднаш да поднесат барање за поведува ње на прекршочна постапка или кривична пријава освен во случаи на неправилности од членот 78 став (1) точка 11 на овој закон.

**Член 70-а**

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторите од членот 68 на овој закон утврдат дека е сторена неправилност од членот 78 став (1) точка 11 на овој закон, се должни да состават записник во кој ќе се утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во определен рок и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.
(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот за транспорт и врски.
(3) Едукацијата ја организира и спроведува државниот инспекторат за транспорт, односно овластените инспектори за патиштата на општините, односно на градот Скопје, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.
(4) Едукацијата може да се спроведува за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или повеќе субјекти.
(5) Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата ќе се смета дека едукацијата е спроведена.
(6) Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.
(7) Доколку инспекторите од членот 68 на овој закон при спроведување на контролниот надзор утврдат дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, донесуваат заклучок со кој ја запира постапката на инспекцискиот надзор.
(8) Доколку инспекторите од членот 68 на овој закон при спроведување на контролниот надзор утврдат дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, поднесуваат барање за поведување на прекршочна постапка пред Комисијата за прекршоци во Министерството за транспорт и врски.
(9) Државниот инспекторат за транспорт, односно овластените инспектори за патиштата на општините, односно на градот Скопје води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот за транспорт и врски.

**Член 70-б**

(1) Министерството за транспорт и врски за извршениот инспекциски надзор од страна на Државниот инспекторат за транспорт е должно на својата интернет страница да објавува квартален извештај.

(2) Општините, односно градот Скопје за извршениот инспекциски надзор од страна на овластениот инспектор на општината, односно овластениот инспектор на градот Скопје за патишта се должни на својата интернет страница да објавуваат квартален извештај.

**Член 71**

Правните и физичките лица кои на патот или во близина на патот вршат било какви работи должни се на инспекторите за патишта да им овозможат непречено вршење на надзор и контрола , да им ја стават на увид целокупната документација и да им дадат потребни известувања како и да постапат по напатствијата , наредбите или решенијата на инспекторот.

**Член 72**

1) Инспекторите за патишта донесуваат решенија во рамките на своите овластувања предвидени во овој закон .

2) Против решението на инспекторите од членот 68 од овој закон е дозволена жалба во рок од осум дена од денот на донесувањето на решението до министерот за транспорт и врски.

3) Жалбата не го одлага извршувањето на решението .

**Член 73**

1) За инспектор за патишта може да се назначи дипломиран градежен инженер или дипломиран сообраќаен инженер со најмалку три години работно искуство во струката .

2) Инспекторот за патишта има легитимација.

3) Легитимацијата на државните инспектори за патишта ја издава министерот за транспорт и врски, а легитимацијата на овластениот инспектор за патишта на општината, односно градот Скопје ја издава градоначалникот на општината , односно градоначалникот на град Скопје.

4) Министерот за транспорт и врски ја пропишува формата и содржината на обрасците на легитимациите на државните инспектори за патишта и на овластените инспектори за патишта на општините , односно градот Скопје, како и начинот на нивното издавање и одземање.

**Член 74**

Надзорот над законитоста на работата на органите на општината и на органите на градот Скопје кои се однесуваат на изградбата, одржувањето, реконструкцијата и заштитата на општинските патишта, односно на градот Скопје, го врши Министерството за транспорт и врски .

**Член 75**

При вршење на надзорот над законитоста на работата на органите на општината и на органите на градот Скопје , Министерството за транспорт и врски ги врши следниве работи:

- ја следи законитоста на работата на органите на општината и на органите на градот Скопј е и превзема мерки , активност и и поднесува иницијативи за остварување на надлежностите на општината и на градот Скопје кои се однесуваат на изградбата , одржувањето , реконструкцијата и заштитата на општинските патишта ;
- оценува дали органите на општината и органите на градот Скопје своите надлежности во поглед на изградбата, одржувањето , реконструкцијата и заштитата на општинските патишта ги извршуваат согласно со постапките утврдени согласно со овој закон ;
- укажува на органите на општината и органите на градот Скопје на пречекорувањето на нивните надлежности утврдени со овој закон и друг пропис донесен врз основа на овој закон и предлага соодветни ме рки за надминување на таа состојба ;

- укажува на определени материјални и процедурални недостатоци во работата на органите на општината и органите на градот Скопје кои би можеле да го оневозможат вршењето на работите утврдени со овој закон , а кои се од јавен интерес од локално значење ;
- дава препораки за доследно спроведување на надлежностите на општината и градот Скопје за работите кои треба да ги вршат согласно со овој закон на барање на органите на општината и на органите на градот Скопје;
- го след и навременото донесување на прописите од страна на општините и на градот Скопје утврдени со овој закон ;
- поднесува иницијативи и предлози до органите на општината и органите на градот Скопје, доколку констатира неспроведување на овој закон како резулат на судир на надлежностите меѓу нив ;
- ја следи законитоста на решенијата што градоначалникот ги донесува во решавањето на управни работи за права , обврски и интереси на правните и физичките лица донесени врз основа на овој закон и превзема мерки во согласност со закон ;
- дава мислење и стручна помош на барање на органите на општината и органите на градот Скопје на предлог на прописите кои произлегуваат од овој закон;
- го следи остварувањето на јавноста во работата на органите на општината и органите на градот Скопје особено од аспект на редовно , навремено донесување , вистинито и потполно известување на граѓаните за работите утвр дени со овој закон и
- навремено ги известува органите на општината и органите на градот Скопје за констатираните состојби во нивната работа , односно за работите што се однесуваат се однесуваат на изградбата , одржувањето , реконструкцијата и заштитата на локалните патишта и улици и други инфраструктурни објекти и за превземените мерки при вршење на надзорот .

**Член 76**

1) Доколку и покрај укажувањата и превземените мерки и активности органите на општината и органите на градот Скопје не го обезбедат извршувањето на работите за кои тие се надлежни согласно со овој закон , им се одзема вршењето на работите .

2) Вршењето на одземените работи го превзема Министерството за транспорт и врски, но најмногу до една година од денот на нивното превземање , во име и за сметка на општината и градот Скопје .

3) Министерството за транспорт и врски за превземените работи од ставот 1 на овој член, писмено ги известува органот на државната управа надлежен за работите од областа на локалната самоуправа и органот на државната управа надлежен за работите од областа на финансиите .

## IX. ПРЕК РШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 77**

1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правно лице ако:

1. врши проектирање на патишта спротивно на одредбите на членот 25 од овој закон
2. предаде во употреба јавен пат без одобрение за употреба (член 33 став 1).

2) Глоба во износ од 300 до 600 евра во денарска противвредност за прекршок од ставот 1 на овој член ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице .

**Член 78**

1) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правно лице ако:

1. не ги измести или не ги приспособи своите инсталации со настанатите

промени или ако инвеститорот , имателите на инсталациите не ги извести за отпочнување на работите (член 29);

2. изведува работи на одржување на јавен пат или улица спротивно на одредбите на овој закон (член 35);

3.на јавен пат или улица не превземе мерки за заштита утврдени со овој закон (член 39);

4.во заштитниот појас на јавниот пат подига објект и спротивно на членот 40 од овој закон;

5. не води евиденција за управните акти донесени во вршењето на јавните овластувања (член 41 став 2);

6. не постави заштитна ограда согласно со членот 41-а став (2) од овој закон.

7. на јавен пат врши вонреден превоз со возило без дозвола или спротивно на условите од дозволата (член 43);

8. врши прекумерно користење на патот спротивно на член от 44 од овој закон ;

9. пристапен пат на јавен пат или улица се приклучи без одобрение или спротивно на условите од одобрението (член 46);

10. постапува спротивно на членот 50 ставови (1) и (2) од овој закон;

11.11. на јавен пат презема дејствија спротивно на членот 50-а од овој закон

12. во случај на прекин на сообраќајот на јавен пат не постапи согласно членот 52 став 2 од овој закон и

13. средствата наменети за изградба , реконструкција , одржување и заштита на јавните патишта ги користи за други намени (член 61 став 1 и 2).

2) Глоба во изно с од 300 до 600 евра во денарска противвредност за прекршок од ставот 1 од овој член ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице .

3) Глоба во износ од 100 до 300 евра во денарска противвредност за прекршок од ставот 1 точка 4, 6, 9, и 11 на овој член ќе му се изрече и на физичко лице .

**Член 79**

1) Глоба во износ од 1.500 до 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правно лице, ако:

1. не преземе итни мерки за отстранување на пречките кои го попречуваат нормалното и безбедно одвивање на сообраќајот (член 35);

2.постави натписи и рекламни табли без дозвола или спротивно на условите утврдени во дозволата (член 45);

3. не ги отстрани дрвјата и другите шумски и земјоделски култури покрај јавен пат кои ја попречуваат прегледност (член 48);

4. во триаголниците на прегледноста гради објекти или врши работи што пречат на прегледноста на јавниот пат (член 49);

5. со сообраќајни знаци или на друг погоден начин не ги означи условите и режимот на сообраќајот на патот (член 51 став 2);

6. неовластено поставува , отстранува , преместува , засолнува или оштетува сообраќајни знаци и заштитна опрема на јавните патишта (член 53);

7. не ги извести корисниците на јавните патишта преку средства за јавно информирање за запирање на сообраќајот (член 54);

8. корисникот на патот не застане на наплатната рампа за наплата на патарина (член 58 став (6));

9. не издаде билет за патарина - фискална сметка за платена патарина (член 58 став (5));

10. корисникот на патот билет за патарина - фискална сметка или билет за наплата на патарина со претплата не ја чува во возилото за целото време на движење на патот или не ја покаже на овластените лица определени со закон (член 58 ст. 5) и

11. го оневозможи или попречи вршењето на работите или не постапи по решението на инспекторите за патишта (член 71).

2) Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се

изрече за прекршок од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице .

3) Глоба во износ од 100 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот 1 точка 3, 6 , 9 , 10 и 11 на овој член и на физичко лице.

**Член 80**

1) За прекршоците од членот 78 став 1 точка 6, 7, 8, 9 , 10 и 11 и членот 79 став 1 точка 2, 3, 4, 6 и 9 од овој закон инспекторите за патишта од членот 68 од овој закон можат на самото место да изречат глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност на службеното лице во правното лице при што на сторителот на прекршокот ќе му врачат покана за плаќање на глобата во рок од осум дена од денот на врачување на поканата.

2) За прекршоците од ставот (1) точки 10 и 11 на овој член државниот *комунален инспектор* и униформираниот полициски службеник можат на самото место да изречат глоба во износ од 600 евра во денарска противвредност на службеното лице во правното лице при што на сторителот на прекршокот ќе му врачат покана за плаќање на глобата во рок од осум дена од денот на врачувањето на поканата.

3) Ако сторителот не ја плати глобата од ставот 1 на овој член во рокот определен со поканата инспекторот државниот комунален инспектор и униформираниот полициски службеник ќе поденесат барање за прекршочна постапка пред Комисијата за прекршоци во Министерството за транспорт и врски.

4) За прекршоците од ставот 1 на овој член како и за прекршокот од членот 79 став 1 точка 10 на овој закон инспекторите за патишта можат на самото место да изречат глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност на физичко лице при што на сторителот на прекршокот ќе му врачат покана за плаќање на глобата во рок од осум дена од денот на врачување на поканата .

5) За прекршоците од членот 78 став (1) точки 10 и 11 на овој закон државниот комунален инспектор и униформираниот полициски службеник можат на самото место да изречат глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност на физичко лице при што на сторителот ќе му врачат покана за плаќање на глобата во рок од осум дена од денот на врачувањето на поканата.

6) Ако сторителот не ја плати глобата од ставот 3 на овој член во рокот определен со поканата инспекторот државниот комунален инспектор и униформираниот полициски службеник ќе поденесат барање за прекршочна постапка пред Комисијата за прекршоци во Министерството за транспорт и врски.

7) Комисијата од ставовите (3) и (6) на овој член е составена од два члена и претседател. Члeновите на Комисијата имаат завршено високо образование и работно искуство од најмалку две години, а претседателот е дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство од најмалку четири години.

**Член 81**

1) За прекршоците од членот 78 став 1 точка 1, 2, 3, 4, 5, 10 и 11 и членот 79 став 1 точка 5 и 7 на овој закон државниот и овластениот инспектор за патишта на општината , односно на градот Скопје, може на сторителот на прекршокот да му предложи посредување и постигнување на согласност со која сторителот на прекршокот треба да ја плати глобата, другите давачки или да ги отстрани последиците од прекршокот.

2) Инспекторот од ставот 1 на овој член составува записник за прекршокот во кој се констатира согласноста на двете страни за покренување на постапка за посредување на кој се потпишува и сторителот на прекр шокот .

3) Постапката за посредување се покренува со доставување на записникот од ставот 2 на овој член до комисијата за посредување , кој инспекторот е должен да го достави во рок од три дена од денот на составув ањето и потпишувањето.

4) Постапката за посредување се води пред комисија за посредување формирана од министерот за транспорт и врски.

5) Комисијата за по средување е составена од три члена од кои еден ја врши функцијата на претседател. Членовите на комисијата се избираат од редот на државните службеници вработените во Министерството за транспорт и врски , од кои еден е дипломиран правник.

6) Претседателот на комисијата е должен постапката да ја започне во рок од 24 часа од денот на доставување на записникот .

7) Комисијата работи на седница на која задолжително присуствуваат претставници на сторителот на прекршокот и државниот , односно овластениот инспектор за патишта , односно на градот Скопје .

8) За постигнатата согласност за постапката на посредување се склучува спогодба со сторителот на прекршокот .

9) Во спогодбата се утврдуваат обврските на сторителот на прекршокот, а особено :

1. висината и начинот на плаќање на глоба ;
2. висината и начинот на плаќање на други давачки и трошоци и
3. мерките кои треба да ги превземе сторителот за отстранување на последиците од прекршокот .

10) Во случаите во кои е постигната согласност во постапката за посредување глобата на сторителот за сторениот прекршок може да биде намалена за најмалку половина од максимум пропишаната глоба за прекршокот .

11) Министерот за транспорт и врски донесува деловник за работата на комисијата за посредување.

12) Комисијата за посредување е должна да води евиденција за поведените постапки за посредување и за нивниот исход .

13) Спогодбата од ставот 8 на овој член има сила на извршна исправа .

14) Ако постапката на посредување не успее , се поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци.

**Член 81-а**

(1) За прекршоците од членовите 77, 78 став (1) точки 6, 7, 8 и 9 и 79 став (1) точки 1, 2, 3, 4, 6, 8, 9 и 10 на овој закон инспекторите за патишта од членот 68 на овој закон пред да поднесат барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд ќе спроведат постапка за порамнување. Доколку сторителот го признае прекршокот инспекторот на сторителот ќе му издаде платен налог заради наплата на глобата предвидена за прекршокот. Со потписот на платниот налог се смета дека сторителот на прекршокот се согласува да ја плати предвидената глоба.

(2) Сторителот на прекршоците од ставот (1) на овој член е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на платниот налог на сметка на Буџетот на Република Македонија означена во платниот налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во дадениот рок, ќе плати само половина од изречената глоба утврдена во платниот налог.

(3) Ако сторителот на прекршокот од ставот (1) на овој член не ја плати глобата во рокот определен во ставот (2) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд.

(4) Инспекторите од членот 68 на овој закон се должни да водат евиденција за покренатите постапки за порамнување и за нивниот исход.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 82**

1) Агенцијата ќе отпочне со работа со именување на членовите на управниот одбор и директорот на Агенцијата.

2) Владата на Република Македонија ќе ги именува членовите на управниот одбор и директорот на Агенцијата во рок 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој

закон.

3) До отпочнувањето со работа на Агенцијата, Фондот за магистрални и регионални патишта ќе ги врши работите од негова надлежност.

4) Управниот одбор на Агенцијата ќе донесе Статут на Агенцијата во рок од 30 дена од денот на именувањето на членовите на Управниот одбор .

5) Средствата и имотот , како и правата и обврските на Фондот за магистрални и регионални патишта се пренесуваат на Агенцијата со денот на отпочнување со работа на Агенцијата.

6) Вработените во Фондот за магистрални и регионални патишта ги презема Агенцијата со денот на отпочнување со работа .

**Член 83**

1) Склучените договори со Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта Македонија пат -Скопје, за работите на одржување, заштита на државните патишта и наплата на патарина продолжуваат до истекот на рокот за кој се склучени, со можност за нивно продолжување со Јавното претпријатие или со неговиот правен следбеник до избор на правно лице на јавен оглас согласно со членот 58 став (3) од овој закон.”

2) Јавното претпријатие за одржување и за штита на магистра лните и регионалн ите патишта Македонија пат - Скопје продолжува со својата работа до завршување на постапката за трансформација согласно со Законот за трансформација на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонија пат“ – Скопје.

**Член 84**

1) Стратегијата за развој и одржува е на државните патишта ќе се донесе во рок од една година од влегувањето во сила на овој закон .

2) Поблиските прописи предвидени со овој закон , ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон .

3) До денот на влегувањето во сила на прописите од ставот 2 на ово ј член ќе се применуваат постоечките прописи.

**Член 85**

Одредбите од членот 57 став 2 на овој закон за возилата на Армијата на Република Македонија , полицијата , Црвениот крст , возилата што даваат помош и информации на патиштата , противпожарните моторни возила наменети исклучиво за заштита од пожари и возилата на итната медицинска помош ќе се применуваат од 1 јануари 2009 година .

**Член 86**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија „ број 26/96;40/99; 96/00; 29/02; 68/04; 31/06; 30/07; 137/07).

**Член 87**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија “.